04-ти октомври е Светскиот ден на животните, а оваа цела седмица е во знакот на борбата за нивните права и воведување построги закони кои би требале да ги штитат. Оваа седмица ги повикуваме сите луѓе да погледнат подалеку од своите проблеми и секојдневни рутини, да погледнат во животните и нивните потресни судбини. Ги повикуваме да им помагаат на животните секогаш и секаде, станат вегани или вегетаријанци и без исклучок да вдомат наместо да купат миленик.

****ГИ СЛАВИМЕ СВЕТСКИТЕ ДЕНОВИ НА ЖИВОТНИТЕ ЗАЕДНО СО RAMSTORE mall! ****

Анима Мунди, во соработка со пријателите, бројни уметнички ракотворци (Craft & Art, Gabriel, Mei Ro, Anzelika Art, Цртање На Стакло – Лума, Ellie jewelry, Sara Filigree, CMS - Craft Making Studio, Moon and sun, Filigranika, AlmArt jewelry, Laura Atelje, Phoenix.jewerly, Плетени работи....) и трговскиот центар Ramstore mall, како и секоја, така и оваа година го одбележува Свесткиот ден на животните, повикува на совесен однос кон нив, хуманост и вдомување. За таа цел од **07 – 08.10.2016** во **Ramstore mall (Центар)** организираме хуманитарен базар на уникатни ракотворби, со чие купување се обезбедува помош – донации за бројни болни и повредени бездомни животни на кои секојдневно наидуваат граѓаните и нашите активисти.

„ПОСЕБНИ и СОВРШЕНИ “ изложба на животни со посебни потреби во Ramstore mall- среќно вдомени!

Покрај хуманитарниот базар со кој ќе се собираат средства за лекување на животните посетителите ќе можат да уживаат во изложбата од фотографии на животни со посебни потреби кои хендикепот во никој случај не ги оневозможил да живеат, да бидат среќни и сакани, да се радуваат на животот секој еден ден. Веруваме дека овие посебни, а толку совршени животни ќе ги уверат сите дека секој живот има смисла, дека секој еден живот вреди и дека не смееме да се откажеме од животните тогаш кога им е најтешко , туку да се бориме заедно за нивната втора шанса.

Со нивната среќна приказна сакаме да ги инспирираме сите хумани луѓе никогаш да не се откажуваат од оние на кои најмногу им е потребна помош, да бидат упорни и храбро да се соочуваат со бариерите, да вдомат животно со посебни потреби , да не се одлучат да ги напуштат или веднаш еутаназираат. Никогаш да не ги сожалуваат зошто тие се силни, снаодливи и хендикепот секогаш го надминуваат со својата упорност, храброст и љубовта која ја добиваат. Сакаме да секој еден кој ќе се соочи со предизвикот да чува вакво посебно животинче биде свесен и уверен дека не е сам. Сакаме да ги поттикнеме граѓанита да, доколку се соочуваат со ваков предизвик не контактираат и сметаат на нашата поддршка. Животните со посебни потреби се големи борци, имаат право на живот и заслужуваат дом полн со љубов опкружени со луѓе кои ги сакаат и се грижат за нив ... сакаме да ве увериме дека и тие, со сите свои недостатоци се АПСОЛУТНО совршени.
Изложбата „ ПОСЕБНИ и СОВРШЕНИ“ е поддржана од програмата Civica Mobilitas .

Facebook event [link]